Триглав Осигурување АД
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav



# Дополнителни услови за колективно осигурување на пензионери од последици на несреќен случај

УС-нпк-КНУ
20-12-мк

## член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови се составен дел од договорот за колективно осигурување на пензионери од последици на несреќен случај, склучен помеѓу договарачот на осигурувањето и Триглав Осигурување АД (во понатамошниот текст: Осигурувач)

[2] Договарач на осигурувањето може да биде секое правно лице.

## член 2: способност за осигурување

[1] Според овие Дополнителни услови се осигуруваат пензионери до наврршени 85 години старост без оглед на нивната здравствена состојба и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9, став (1), точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4, став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

## член 3: начин на склучување на осигурувањето

[1] Колективното осигурување на пензионери од последици на несреќен случај може да се склучи само со именување на осигуреникот и наведување на неговиот датум на раѓање.

## член 4: осигурени опасности (ризици)

[1] Со колективно осигурување на пензионери од последици на несреќен случај може да се осигураат следните опасности (ризици): смрт од незгода, инвалидитет и болнички ден.

## член 5: траење на осигурувањето

[1] Ако на полисата не е поинаку назначено, осигурувањето започнува во 24:00 часот на денот кој на полисата е означен како почеток на осигурувањето и завршува во 24:00 часот на денот кој на полисата е означен како крај на осигурувањето.

[2] Ако на полисата е означен само почеток на осигурувањето, договорот за колективно осигурување на пензионери од последици на несреќен случај се продолжува од година во година, додека некоја од договорните страни не го откаже, во смисла на член 9 од овие Дополнителни услови.

[3] За лицата кои се пензионирале после склучувањето на договорот за осигурување, осигурителното покритие започнува во 24:00 часот од оној ден кога им престанал работниот однос поради пензионирање, под услов договарачот тоа да му го соопшти на осигурувачот најдоцна во рок од триесет (30) дена.

[4] Осигурителното покритие за поединечен пензионер престанува во 24:00 часот на денот кога осигуреникот наврршува 85 години старост, односно кога ќе престане покритието од која било друга причина.

## член 6: суми на осигурување

[1] Сумата на осигурување која е наведена на полисата е најголемиот износ до кој осигурувачот гарантира за секој осигуреник.

## член 7: обврски на осигурувачот

[1] Обврските на осигурувачот од договорот за колективно осигурување на пензионери од последици на несреќен случај се наведени во соодветните одредби од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај.

## член 8: плаќање на премијата

[1] Премијата се пресметува во роковите кои се наведени во полисата, и тоа за сите осигуреници.

[2] Премијата се плаќа однапред, ако не е поинаку договорено.

[3] Оврската на осигурувачот кон секој осигуреник постои и тогаш кога договарачот не ја платил премијата во рокот наведен во полисата, ако осигурениот случај настанал за времетраењето на осигурувањето според одредбите на членовите 6 и 16 од Општите услови.

[4] Конечната пресметка на премијата се врши на крајот на осигурителната година. За пензионерите кои пристапуваат во текот на траењето на осигурувањето, договарачот плаќа онолку дванаесеттини од годишната премија колку што месеци важело осигурувањето до истекот на тековната осигурителна година.

[5] Договарачот на осигурувањето е должен да му дозволи на осигурувачот увид во сите евиденции од кои е јасна бројната состојба на пензионерите, како и висината на пресметана и платена премија.

## член 9: откажување на договорот за осигурување

[1] Секоја договорна страна може да го откаже осигурувањето со неодредено траење ако осигурувањето со неодредено траење ако осигурувањето не престанало од кои било други причини.

[2] Осигурувањето се откажува писмено најмалку три (3) месеци пред истекувањето на тековната осигурителна година.

## Член 10 – примена на општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## Член 11: важност на условите

Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.